**20200040017**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јануари 2021 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)**

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20 и 281/20), во членот 1 во ставот (2) по бројот „446“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 447, се додаваат шест нови Прилози 448, 449, 450, 451, 452 и 453 кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-11978/1-20
5 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32020R1279, 32020R1288, 32020R1289, 32020R1290, 32020R1291 и 32020R1317.

**Прилог 448**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 1279/2020** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на медал изработен од прост метал, неплатиниран со благороден метал, во различни форми (кружна, правоаголна, неправилна форма, итн.) и димензии (вообичаено со дијаметар од 35 мм до 70 мм). Производот може да биде украсен со разни мотиви (релјефни отпечатоци) и да има златна, сребрена или бронзена боја. На врвот може да има отвор за да се закачи на лента и да се носи околу вратот. Производот се употребува како медал за наградување на лица за постигнат успех на натпревари, со или без лента.<br><br>Види фотографија (*)<br> | **7117 19 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 11 од Глава 71 и наименувание на тар. број 7117 и тар. подброј 7117 19 и 7117 19 00.<br>Производот е наменет да се носи на тело или на облека. Се смета за предмет за лично украсување (види исто така, Коментарски забелешки на Хармонизиран систем (КЗХС) за тар. број 7117, прв став). Распоредувањето во тар. број 8306 како „украсни производи од прост метал“ е исклучено затоа што производот не е наменет за украсување на домови, канцеларии и сл. Овој тар. број опфаќа само медали кои не се за лично украсување (види исто така, КЗХС за тар. број 8306, дел Б, трет став, потстав 1).<br>Затоа, производот треба да се распореди во тарифна ознака 7117 19 00 како „други имитации на накит од прост метал“. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 449**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 1288/2020** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ што претставува безбојна течност во мал цилиндричен сад со капацитет од 2 мл, со фина четка која се наоѓа на отстранливото капаче. Четката е наменета да се користи за нанесување на течноста.<br>Производот претставува регенератор за трепки и е наменет за нивно навлажнување и негување. Производот им помага на трепките да се заштитат од кршливост и опаѓање, како и да се продолжи нивната фаза на раст, а со тоа и нивниот животен век. Производот ги содржи следниве главни состојки:<br>- биотин;<br>-дехлоро дихидрокси дифлуоро етилклопро - стеноламид;<br>- биотиноил трипептид - 1;<br>- екстракт од невен;<br>- екстракт од женшен.<br>Производот е подготвен во картонска кутија наменета за малопродажба. | **3304 99 00** | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванијата на тар. број 3304 и тар. подброј 3304 99 00.<br>Распоредувањето во тар. број 3305 е исклучено, затоа што производот е препарат што се нанесува на влакна на делови од човечкото тело, освен на скалпот (види, исто така, и КЗХС за тар. број 3305, забелешка за исклучување). Од причини што производот помага да се подобри флексибилноста, влажноста и сјајот, се смета дека е производ за разубавување (види, исто така, КЗХС на тар. број 3304, (А) (3)). Оттука, распоредувањето во тар. број 3307 како „други парфимериски, козметички или тоалетни препарати, кои не се наведени или вклучени на друго место“ е исклучено.<br>Оттука, производот треба да се распореди во тарифна ознака 3304 99 00 како производ за разубавување. |

**Прилог 450**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр.1289/2020 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Неткаени хартиени марамчиња за еднократна употреба (со димензии приближно 3 см × 6 см), поединечно завиткани и спакувани за малопродажба во кутии со 100 марамчиња. Марамчињата се импрегнирани со алкохолен раствор кој се состои од 70% изопропил алкохол и 30% вода. Производот е наменет за општа дезинфекција на кожата и на други површини (како што се површините на неинвазивните медицински инструменти). | 3808 94 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3808 и тар. подброј 3808 94 и 3808 94 90.<br>Распоредувањето во тар. број 3005 е исклучено од причини што марамчињата не се користат за посебни медицински, хируршки, стоматолошки или ветеринарни цели (види, исто така, КЗХС за тар. број 3005, прв став). Распоредувањето на производите во тар. број 3402 е исклучено бидејќи главната цел на производот не е чистење, туку дезинфекција. Производот се смета за производ наменет за дезинфекција и е спакуван за малопродажба како средство за дезинфекција (види Забелешка 2 од Оддел VI).<br>Оттука, производот треба да се распореди во тарифна ознака 3808 94 90 како средство за дезинфекција, спакувано за малопродажба. |

Прилог 451

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр.1290/2020 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Дрвени летви изработени од неколку слоеви на фурнири од бука или бреза, со должина од 480 мм до 1960 мм, ширина од 25 мм до 105 мм и дебелина приближно 10 мм.<br>Тие се излупени, ламинирани, составени со лепак и обложени. Летвите се заоблени странично и можат да бидат рамни или закривени. Тие имаат голема носивост и отпорност на виткање.<br>Конструирани се за составување без понатамошна обработка во форма на рамки за кревети, фотелји или софи.<br><br>Види слика (*)<br> | 4421 99 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 4421 и тар. подброј 4421 99 и 4421 99 99.<br>Распоредувањето во тарифните броеви 9401 или 9403 како делови од мебел е исклучено затоа што не е можно да се утврди дали летвите се исклучиво/ специфично наменети да се состават во вид на рамки на производите од тар. 9401 или во вид на рамки на производите од тар. број 9403. Глава 94 опфаќа само делови за производи од тар. броеви 9401 и 9403, кога тие по нивната форма и останатите карактеристики единствено се препознаваат како делови за производите од овие тарифни броеви (види, исто така, КЗХС за Глава 94, Делови).<br>Покрај тоа, летвите не се делови од кревети, фотелји или софи, туку се дизајнирани да се составуваат во рамки, што ги прави делови на потпори за душеци од тар. број 9404. Во согласност со Забелешката 3 (Б) од Глава 94, потпорите за душеци кога се поднесуваат одделно не се распоредуваат во тар. броеви 9401 или 9403 како делови на тие производи. Бидејќи тарифниот број 9404 не опфаќа „делови“, туку само готови производи, распоредувањето во тој тарифен број е исто така исклучено.<br>Согласно нивните објективни карактеристики (спарени димензии, заоблени рабови, површинска обработка, голема носивост и отпорност на виткање), летвите се препознаваат како делови од рамка. Тие се |

| | | |
|---|---|---|
| | | обработени на таков начин, што им е даден суштински карактер на производ од друг тарифен број (производи од ламинирано дрво) (види, исто така, КЗХС за тарифен број 4412, втор став). Затоа, распоредувањето во тарифен број 4412 како ламинирано дрво се исклучува. Оттука, летвите се распоредуваат според материјалот од кој се направени, односно во тарифна ознака 4421 99 99 како други производи од дрво. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 452

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1291/2020 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. „куќиште за приклучок") во форма на правоаголна шуплива пластична кутија, со димензии приближно 60 × 190 × 170 мм.<br>Производот е наменет за употреба како куќиште за модули за електрично управување кај разни видови возила или машини, со цел физички да се заштитат електронските контакти од нечистотија и влага.<br><br>Види слика (*)<br> | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3926 и тар. подброј 3926 90 и 3926 90 97.<br>Распоредувањето во тарифен број 8536 како „електричен апарат за вклучување, исклучување или заштита на електрични кола или за поврзување на или во електрични кола" е исклучено, бидејќи предметниот производ е само кутија и не содржи приклучоци, контакти или слични делови (види, исто така, КЗХС за тарифен број 8536, дел III, став (В)).<br>Производот не се смета за дел од машина согласно значењето на Забелешка 2 (б) од Оддел XVI, бидејќи неговото присуство не е потребно за работа на приклучокот, контактот или сличен дел, туку само ја подобрува неговата функционалност. Затоа, распоредувањето во тарифен број 8538 како дел погоден за употреба единствено или главно со апарат од тарифен број 8536 е исклучено.<br>Производот не се смета за изолационен дел за електрични апарати од тарифен број 8547 бидејќи не е специјално наменет за изолација, туку за заштита на електрични приклучоци (види КЗХС за тарифен број 8547, дел (А)).<br>Производот се распоредува согласно материјалот од кој е изработен (пластична маса), односно во тарифна ознака 3926 90 97 како останати производи од пластични маси. |

Прилог 453

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 1317/2020 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Производ кој се состои од порозни зрна со слободен проток, што се претежно на основа на амониум нитрат, со следниот состав (процент по маса):<br>- амониум нитрат > 99,4<br>- (вкупен азот > 34,5)<br>- анјонски полимер 0,28<br>- облога 0,08<br>Апсорпцијата на маслото во зрната е > 10% по маса. Густина на полнење на зрната е 0,72 гр/см³. | 3602 00 00 | Распоредувањето е утврдено со Основно правило 1 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тарифен подброј 3602 00 00.<br>Анјонскиот полимер се додава за да му даде на производот помала густина и поголем капацитет за апсорпција на маслото, што се важни карактеристики за да им овозможи на порозните зрна да бидат посоодветни како основен материјал за производство на експлозиви ANFO (горивно масло од амониум нитрат).<br>Површинскиот третман на порозните зрна се врши со обложување за да се стабилизира амониумот нитратот и со тоа да се избегне непожелна апсорпција на вода што може да го загрози/намали капацитетот за апсорпција на мазутот, што е една од основните својства на ефективниот експлозив ANFO.<br>Врз основа на неговите суштински карактеристики, производот може да се идентификува како подготвен експлозив од тар. број 3602 (види, исто така, Мислење за распоредување од ХС 3602.00/2).<br>Распоредувањето во тарифен број 3102 е исклучено, бидејќи производот е специјално подготвен и формулиран за употреба како основен материјал за експлозиви. Ниту анјонскиот полимер, ниту премазот не се технички релевантни за употреба како ѓубриво. Условите од Забелешка 2 од Глава 31 не се исполнети.<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 3602 00 00 како подготвен експлозив, освен барут. |

| | | |
|---|---|---|
| 2.Производ кој се состои од порозни зрна со слободен проток, што се претежно на основа на амониум нитрат, со следниов состав (процент по тежина):<br>- амониум нитрат >99<br>- (вкупен азот >34,5)<br>- магнезиум нитрат 0,4<br>- мешавина од дијамониум фосфат, амониум сулфат и борна киселина 0,06<br>- премаз 0,08<br>Апсорпцијата на маслото во зрната е >7% по тежина.<br>Густина на полнење на зрната е 0,80 гр/см³. | **3602 00 00** | Распоредувањето е утврдено со Основнито правило 1 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тарифен подброј 3602 00 00.<br>Се додава мешавина од дијамониум фосфат, амониум сулфат и борна киселина за да се постигне помала густина на производот и поголем капацитет за апсорпција на маслото, што се важни својства за порозните зрна да бидат посоодветни како основен материјал за производство на експлозиви ANFO.<br>Површинскиот третман на порозни зрна се врши со обложување за да се стабилизира амониум нитратот и со тоа да се избегне непожелната апсорпција на вода што може да го загрози/намали капацитетот за апсорпција на мазутот, што е една од основните карактеристики на ефективниот експлозив ANFO.<br>Врз основа на неговите објективни својства, производот може да се идентификува како подготвен експлозив од тар. број 3602 (види исто така Мислење на ХС 3602.00/2). Распоредувањето во тар. број 3102 е исклучено бидејќи производот е специјално подготвен и формулиран за употреба како основен материјал за експлозиви. Ниту различните адитиви ниту премазот не се технички важни за употребата на овој подготвен амониум нитрат како ѓубриво. Согласно наведеното, условите од Забелешка 2 од Глава 31 не се исполнети.<br>Затоа, производот треба да се распореди во тарифна ознака 3602 00 00 како подготвен експлозив, освен барут. |